| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Животните во зима |
| **Содржина на денот** | Читање на басна :„Лош другар” |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Валентина Дракшиќ |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за правилно миење на рачињата,чекање на ред и одржување на растојание,стоење на означеното место. |
| **Активност** | Басните се мали книжевни дела, во кои на алегоричен начин се опишуваат човечките особини. Главни актери во нив се животните кои преку нивниот говор на многу разбрлив начин се пренесува скриената порака. Поради овие карактеристики на басната, децата покажуваат голем инетерс за неа. За најмалата возрасна група, ако е добро одбрана басната, разбирлива и со добра илустрација, таа е занимлива за децата и тие се интерес ја следат.<br>Пред да му ја прочитате басната на детето, добро разгледајте ги илустрациите. Детето нека ги менува животните во басната и нека ги имитира нивните звуци.<br>Потоа прочитајте ја басната. Можете да ги нацртате ликовите од басната на хартија и на стапчиња да ги залепите. Драматизирајте со нив, тоа повеќе ќе го задржи вниманието на детето.<br>Со детето разговарајте за другарчињата во градинка,со кого си игра,кое му е омилено другарче и слично. Потоа прочитајте му ја следната басната:<br>Лош другар<br>-Ајде да се дружиме!-и предложило кучето на мачката.<br>-Па,ти нели се дружиш со кокошката?- замислено одговорила мачката.<br>-Да, се дружев, ама со неа веќе се скарав, одговорило кучето.<br>-Штом така лесно си се скарал со кокошката,ти наскоро ќе се скараш и со мене!-му рекла мачката.<br>И не се согласила да се дружи со кучето. |

| | |
|---|---|
| | Басната читајте ја на изразен начин, имитирајте ги гласовите на мачето и кучето(тие нека ви бидат различни), само на тој начин ќе го задржите вниманието на детето.<br>Откако ќе му ја прочитате басната поразговарајте со детето дали некогаш се случило да се скара со другарчето. Објаснете му,дека со другарчињата не треба да се кара,туку да си игра со нив и да ги сака.<br>Заедно со детето нацртајте цвет од хартија во боја. Помогнете му и исечете го со ножици.Тој цвет Вашето дете нека му го подари на своето другарче. |